Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Federal Department of Justice and Police FDJP

**Federal Office of Justice FOJ**
Private Law Division
Federal Civil Status Office FCSO

# Информации за брак во Швајцарија: Права и обврски

Долунаведените информации се со цел краток преглед на брачните права и обврски во Швајцарија според важечките законски регулативи.

Швајцарските матични служби и швајцарските претставништва во странство, од кои можете да го добиете овој информативен лист, како и Централната матична служба на Швајцарија (EAZW/OFEC), немаат обврска за детално советување. За работи поврзани со овој информативен лист, Ве молиме да се консултирате со приватен советодавец (Адвокат, Нотар или сл.).

## Брачни права и обврски во Швајцарија

Подолу се наведени најважните брачни права и обврски според швајцарските закони по случаен редослед:

- **Склучување брак е можно по навршување на 18 години:** Во Швајцарија секој маж и секоја жена има право да склучи брак со навршени 18 години. Значи, откако двата партнери ќе наполнат 18 години, можат да склучат брак.
- **Секој има право на избор на свој партнер, никој не смее да биде присилен на брак:** Склучувањето на бракот почива на слободната волја на двајцата партнери. Никој не смее против своја волја да биде присилен на брак.
- **Бракот значи и обврска за верност и поддршка:** Секој од брачните другари придонесува за доброто на брачната заедница и ја почитува личноста на другиот брачен другар. Никој од брачните другари не смее да дејствува против волјата на другиот.
- **Исти права за жената и мажот во секој поглед:** Жената во секоја сфера има право на збор како и мажот; нејзиното мислење има иста тежина како она на мажот.
- **Заеднички договор за поделба на обврските во бракот (домашна работа и работа надвор од домот):** Бидејќи двата брачни другари имаат еднакви права, не постои полова поделба на обврските. Обврските во бракот се заеднички обврски. Брачните другари меѓусебно се договараат околу тоа, кој која обврска ќе ја превземе.
- **Заеднички придонес за издржување на семејството:** И тука не постои полова поделба на обврските. Брачните другари се обврзани, заеднички да придонесуваат за издршка на семејството. Тие меѓусебно се договараат кој и колку ќе придонесува за издржувањето на семејството.
- **Заедничка грижа за децата:** Двајцата партнери имаат обврска да ги воспитуваат, негуваат и заштитуваат децата.
- **Во бракот не е дозволено насилство:** Тепањето или злоставувањето врз брачниот другар се казнува со закон. Мажот нема право телесно да ја повредува жената.
- **Секој од брачните другари има право да побара судска заштита, доколку другиот брачен другар ги повредува брачните обврски:** Доколку некој од од брачните другари не ги исполнува своите обврски кон семејството или доколку брачните другари не се сложуваат околу некоја работа, значајна за брачната заедница, можат, заедно или секој посебно, да побараат судско посредство.
- **Секој има право да побара развод:** Бракот може да биде раскинат преку развод. Доколку двајцата брачни другари сакаат да се разведат, тие можат да побараат развод кај надлежниот суд. Доколку развод бара само еден од брачните другари, истиот може да поднесе тужба за развод.